АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2019 ГОДИНА

## ИЗВЕШТАЈ ОД МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 7 ДО 31 МАРТ 2019 ГОДИНА

## Методолошки напомени

Вториот извештаен период од мониторингот што го врши Агенцијата врз известувањето на радиодифузерите почнувајќи од денот по распишувањето на изборите се однесува на периодот од 7 до 31 март 2019 година.

Примерокот за анализа беше 24-часовната програма на вкупно 15 програмски сервиси на национално ниво (13 ТВ и две радија): четири од Јавниот радиодифузен сервис - МРТ1 и МРТ2 Програма на албански јазик (односно Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис) и Македонско радио – Прв програмски сервис (МР1) и Програмата на албански јазик на Каналот на етничките заедници на Македонско радио, и 11 комерцијални телевизии – терестријалните ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, кабелските 1ТВ, ТВ 21-М, ТВ Клан Македонија, ТВ Сонце и ТВ Шења, и сателитската ТВ 24 Вести.

Мониторингот се спроведуваше по истата методолошка матрица[1] односно се следеше колку радиодифузерите ги почитуваат одредбите од Изборниот законик кои важат од распишувањето на изборите, како и почитувањето на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), или конкретно следново:

- Дали известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања е во функција на нечие изборно медиумско претставување?
- Се почитува ли забраната за емитување платено политичко рекламирање?
- Се почитува ли и забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства?
- Дали има случаи уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции или кандидати?
- Дали огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидати се емитуваат согласно утврдените правила?
- Се почитуваат ли правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење?
- Дали Јавниот радиодифузен сервис емитува дебати во согласност со пропишаното во Изборниот законик?
- Се почитуваат ли професионалните начела за дејноста од член 61, односно стандардите и начелата за Јавниот сервис од член 111 на ЗААВМУ? Важи напомената дека, во поглед на известувањето за активностите на политичките субјекти особено се следи начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.
- Дали се почитуваат забраните за дискриминација и говор на омраза од член 48 од ЗААВМУ?

Бидејќи во овој извештаен период, за разлика од претходниот, како субјекти во вестите се појавуваат кандидатите за претседател на државата, односно градоначалници на општините Дебар, Ново Село и Охрид, важно е да се имаат предвид следниве методолошки напомени во поглед на кодирањето на прилозите при анализата. Имено, треба да се потенцира дека во времето за самите кандидати, методолошки е обединето и времето одвоено за изјавите или извештаите за активностите на претставниците на нивните изборни штабови. Времето пак, во кое политичките партии ги поддржуваа или критикуваа кандидатите е вклучено во вкупното време за активности на конкретните партии.

---

[1] „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси", донесена на 7 февруари 2019 година, достапна на: www.avmu.mk.

## Клучни наоди

Во 25-те дена од овој, втор по ред, и последен извештаен период за начинот на известување пред почетокот на изборната кампања, беше констатирано непочитување на професионалните стандарди за вршење на дејноста кај ТВ Сонце која емитува програма на национално ниво преку кабелски оператор. Имено, радиодифузерот за партијата Македонска алијанса на Ѓорѓија Џорџ Атанасоски (сопственик на ТВ Сонце) издвои повеќе време во вестите отколку времето за сите други политички субјекти (партии и кандидати) заедно, со што го прекрши член 61 став 1 алинеи 9 и 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – принципите за еднаков третман на различните гледишта и мислења, и за самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

Од другите медиуми, специфично е да се издвои тоа што половина од вкупното време во Вестите на Програмата на албански јазик на Македонското радио, беше посветено на трансмисија на информации за секојдневните активности на Владата.

Од прилозите поврзани со изборите, преовладуваа информации за активностите на Државната изборна комисија. ДИК, во овој период, ги вршеше подготовките што се однесуваа на ажурирањето и затворањето на единствениот Избирачки список, официјализирањето на кандидатурите за претседател, односно за градоначалници, ждрепката за утврдувањето на редоследот на гласачкото ливче, финансиите на претседателските кандидати за изборната кампања како и други технички информации. Кандидатите беа присутни малку, особено затоа што по потврдувањето на нивните кандидатури нивното појавување ќе претставуваше изборна кампања. Од другите изборни активности во овој период се известуваше и за најавата на ангажманот на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР.

Известувањето во дневно-информативните емисии го отсликуваше дневниот тек на актуелните или актуелизираните теми од сферата на политиката, економијата, социјалата, здравството итн. пренесени низ новинарската визура и жанровска обработка – пред сè преку извештаи, вести, изјави. Во зависност од уредувачката политика и форматот на сервисот, кај некои од медиумите се појавуваат и интервјуа, коментаторски извештаи, осврти, поретко коментари и репортажи.

Во политичкиот живот продолжи да доминира дијалогот на различни теми на релација СДСМ (Влада)-ВМРО ДПМНЕ и обратно, со тоа што во овој период, во оваа комуникација имаше постојано навраќање на преговорите околу текстот на предлог - законот за Јавно обвинителство во делот на определување на иднината на Специјалното јавно обвинителство. Освен ова, актуелни беа информациите за разни судски рочишта, и особено пресудата за обвинетите во судскиот процес за „27 април“. Се известуваше за тековните активности на Владата, за собраниските седници, за интерпелацијата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, за куќниот притвор на Стевчо Јакимовски - поранешниот градоначалник на Општина Карпош, за укинатиот мораториум за градење во Општина Центар. Редовно се следеше состојбата со шумските пожари низ земјата, со сипаниците, случаите на луѓе заразени од бактеријата МРСА, неколкуте смртни случаи од грип, активностите против отворањето рудник во Штука - Иловица, дивоградбите на Матка итн.

Јавниот радиодифузен сервис ги информираше лицата со оштетен слух, што продолжи да го прави и ТВ 24 Вести. МРТ ја исполни и обврската да емитува дебати.

Кај сите медиуми имаше и посебни информативни емисии на општествено-политички теми, меѓу кои и за изборите.

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ1)

### ***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Дневник 2 во 19:30 часот.

Во предизборниот период од 7 до 31 март 2019 година, Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 56 минути и 39 секунди од кои 2 минути и 17 секунди жанровски се вообличени како коментар.

Согласно со членот 76-а, став 4 од Изборниот законик, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија преку знаковен/толкувачки јазик го адаптираше изданието на Дневникот од 15 часот за гледачи со оштетен слух.

***Начин на известување:***

Ретките новинарски прилози стриктно на тема - избори за претседател на државата, и буквално двата прилога за изборите за градоначалници на Охрид, Дебар и на Ново Село (едниот од промотивна прес-конференција на ВМРО ДПМНЕ за своите градоначалнички кандидати, другиот од ждрепката одржана во ДИК), во овој период се сведоа на - проследување официјален владин став дека претстојниот изборен процес е нов - „тест за демократијата“, односно - услов за напредок во евроатлантските интеграции; потоа на повеќенеделно, постапно – меѓупартиско (СДСМ/ВМРО ДПМНЕ) и институционално (МВР) расчистување на шпекулациите дали кандидатот за претседател на државата поддржан од СДСМ и ДУИ Стево Пендаровски, бил следен од т.н. „тајни служби“; и на завршните организациски работи околу изборниот процес (собирањето потписи за кандидатурата, проверката и затворањето на Избирачкиот список, најавите за ангажманот на ОБСЕ/ОДИХР, ждрепката за формализирање на избирачкото ливче и слично). Кон ова тематско множество во Дневникот 2 беше приклучен и двоминутен коментар во кој, политиколошки претпоставки/очекувања како ќе се води изборната кампања за претседател на државата (негативна кампања наспроти промоција политички платформи), изнесоа универзитетските професори Ненад Марковиќ и Александар Спасов, а изборниот процес беше дел и од темите за десетминутното интервју со Кристијан Тимоние, амбасадорот на Франција, емитувано на 9 март во второто издание на Дневникот.

Од широкиот спектар општествено-политички содржини, најчесто тематизирани во вестите од 19:30 часот беа т.н. – „лидерска средба“ во врска со предлог-законот за Јавното обвинителство, односно клучната полемика околу определувањето на статусот на Специјалното јавно обвинителство, како и партиските реакции по завршницата на долгогодишни судски процеси или во врска со последиците од промената на Уставот врз националниот идентитет и врз статусот и статутот на националните институции.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**МРТ 1**

| Субјекти | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:56:43 | 10.61 | % |
| Влада на РМ | 01:37:12 | 18.19 | % |
| Други субјекти | 01:26:11 | 16.13 | % |
| Граѓански сектор | 00:34:28 | 6.45 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:59 | 1.49 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:55:05 | 10.31 | % |
| Локална самоуправа | 00:11:43 | 2.19 | % |
| Судство | 00:06:45 | 1.26 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:03:27 | 0.65 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:53:29 | 10.01 | % |
| СДСМ | 00:31:30 | 5.89 | % |
| АРМ | 00:03:11 | 0.60 | % |
| Без субјекти | 00:27:54 | 5.22 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:51 | 1.84 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:33 | 0.48 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:02:57 | 0.55 | % |
| Беса | 00:01:19 | 0.25 | % |
| Собрание на РМ | 00:13:51 | 2.59 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:03 | 1.32 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:42 | 0.88 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:30 | 1.22 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:19 | 0.25 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:19 | 0.06 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:02 | 0.19 | % |
| Блерим Река | 00:01:17 | 0.24 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:17 | 0.24 | % |
| Беса | 00:02:07 | 0.40 | % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:00:33 | 0.10 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:02:05 | 0.39 | % |
| | **Вкупно: 08:54:22** | **100** | **%** |

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Планирано како – предизборна партиска дебата, но од објективни причини (поради отсуство на политички соперник), изданието на емисијата „И што сега?“ од 14 март жанровски беше преиначено во - интервју со Александар Николовски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ, а, на 20 март, во програмскиот термин под истиот наслов гостуваше Оливер Деркоски, претседателот на Државната изборна комисија.

***Дебати***

На 21 март, во емисијата „И што сега?“, предизборни аспекти од тематски поширокиот дебатен опфат зафатија новинарот Зоран Иванов и аналитичарот Сотир Костов, а на 27 април, во истиот едночасовен термин - Мухамед Зекири од СДСМ и Антонио Милошоски од ВМРО ДПМНЕ.

Со ова, МРТ1 и во вториот извештаен период ја исполни обврската во поглед на реализирањето дебатни емисии од член 76-а став 11 од Изборниот законик.

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ2) - Програма на албански јазик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок:***

Дневник 2 од 18:30 часот.

Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на методолошки издвоените прилози од 11 часа 3 минути и 3 секунди.

***Начин на известување:***

Десеттина минути – вкупно, од сите 25 изданија на Дневникот 2 емитуван во 18:30 часот, им беа отстапени на тројцата кандидати за претседател на државата – Река, Силјановска-Давкова и Пендаровски, што само по себе е показател дека известувањето во врска со претстојните избори, во периодот од 7 до 31 март 2019 година беше пред сè врамено во вести и во извештаи тематски поврзани со одговорноста на Државната изборна комисија околу прочистувањето на Избирачкиот список, утврдувањето на начинот по кој ќе гласа дијаспората, како и на одлуката по изборната ждрепка, но, релативно често редакцијата отвораше информативен простор и за експертски ставови и очекувања во врска со изборниот процес.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**МРТ2 – Програма на албански јазик**

| Субјекти | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 02:16:47 | 20.63 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:56:45 | 8.56 % |
| Локална самоуправа | 00:10:23 | 1.57 % |
| Без субјекти | 00:46:38 | 7.03 % |
| ДИК и други органи | 00:23:53 | 3.60 % |
| Други субјекти | 00:56:21 | 8.50 % |
| Судство | 00:31:43 | 4.78 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:41:49 | 6.31 % |
| Собрание на РМ | 00:24:19 | 3.67 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:52:14 | 7.88 % |
| Граѓански сектор | 00:24:38 | 3.72 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:57 | 0.75 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:58 | 0.45 % |
| СДСМ | 00:20:43 | 3.12 % |
| Стево Пендаровски | 00:03:56 | 0.59 % |
| Експерти/аналитичари | 00:58:58 | 8.89 % |
| Алијанса за Албанците | 00:16:30 | 2.49 % |
| Беса | 00:06:58 | 1.05 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:20:50 | 3.14 % |
| Претседател на РМ | 00:02:07 | 0.32 % |
| Јавно обвинителство | 00:07:15 | 1.09 % |
| Независни кандидати | 00:00:56 | 0.14 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:56 | 0.14 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:48 | 0.42 % |
| Блерим Река | 00:04:19 | 0.65 % |
| Македонија бојкотира | 00:02:44 | 0.41 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:38 | 0.10 % |
| | **Вкупно: 11:03:03** | **100 %** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Ажурирањето на единствениот Избирачки список, тековната обука на избирачките одбори и гласањето на дијаспората – тоа беа главните теми за интервјуто со Адмир Шабани, портпаролот на Државната изборна комисија, направено на 10 март 2019 година во емисијата „Неделно интервју". Интересот на дијаспората за претстојните претседателски и градоначалнички избори (Охрид, Дебар, Ново Село), како и мониторингот на изборниот процес што го спроведува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во две одделни „Неделни интервјуа" беа анализирани на 25 март со Едмонд Адеми, министерот без ресор, и на 31 март со Селвер Ајдини, член на Советот на Агенцијата.

***Дебати***

На 12 март, во актуелно-информативната емисија „Аргумент", експертска анализа за процесот на претседателските избори (профилот на кандидатите/„независна" – „партиска" кандидатура/очекувања од кампањата) водеа универзитетските професори: Хасан Јашари, Ќашиф Бакиу и Шпетим Латифи. Истите теми под истиот информативен наслов на 26 март беа поставени пред политикологот Ќани Нухиу и пред партиските претставници: Ејуп Рустеми од ДУИ и Кастриот Реџепи од Беса, а беше потенцирано дека бил поканет, но не присуствувал - Флорим Хасани, од Изборниот штаб на претседателскиот кандидат Блерим Река.

## Радио програмски сервиси

# МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МР1)

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Централни вести во 15:30 часот (во недела терминот на Вестите е во 14 часот).

Анализирани беа 25 изданија на Централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 38 минути и 4 секунди.

***Начин на известување:***

Најчесто се известуваше за: лидерската средба помеѓу претседателите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ Зоран Заев и Христијан Мицкоски, за разните судски рочишта, тековните активности на Владата, собраниските седници, предлог - законот за Јавно обвинителство, односно иднината на Специјалното јавно обвинителство, интерпелацијата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, прес - конференциите на ВМРО ДПМНЕ во кои се критикува работата на Владата, шумските пожари низ земјата, случаите на луѓе заразени од бактеријата МРСА, активностите на Оперативно - техничката агенција (ОТА), неколкуте смртни случаи од грип, пресудата за обвинетите во судскиот случај за „27 април", активностите против отворањето рудник во Штука - Иловица, дивоградбите на Матка, куќниот притвор на Стевчо Јакимовски - поранешниот градоначалник на Општина Карпош, укинатиот мораториум за градење во Општина Центар.

Претседателските и локалните избори беа присутни со мал интензитет, пред се преку известување за активностите на ДИК, на ОБСЕ/ОДИХР и претседателските кандидати.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења.

***Табела: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**Македонско радио Прва програма**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 01:50:23 | 21.31 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:59:24 | 11.47 | % |
| Други субјекти | 01:27:05 | 16.81 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:57 | 0.76 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:23 | 0.46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:44:07 | 8.52 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:59:55 | 11.57 | % |
| Граѓански сектор | 00:35:37 | 6.87 | % |
| СДСМ | 00:09:15 | 1.79 | % |
| ДИК и други органи | 00:18:02 | 3.48 | % |
| Јавно обвинителство | 00:09:49 | 1.89 | % |
| Судство | 00:15:18 | 2.95 | % |
| Собрание на РМ | 00:16:41 | 3.22 | % |
| Без субјекти | 00:09:36 | 1.85 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа | 00:09:24 | 1.81 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:01:28 | 0.28 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:27 | 0.28 | % |
| АРМ | 00:01:14 | 0.24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:48 | 1.51 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:21 | 0.45 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:42 | 0.14 | % |
| Блерим Река | 00:02:55 | 0.56 | % |
| Левица | 00:01:12 | 0.23 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:41 | 0.52 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:36 | 0.50 | % |
| Беса | 00:01:53 | 0.36 | % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:00:05 | 0.02 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:46 | 0.15 | % |
| | **Вкупно: 08:38:04** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во овој извештаен период беа реализирани повеќе интервјуа. Во емисијата „Радио спектар“ имаше интервјуа со Генералот Мирослав Стојановски, поранешен началник на Генералштабот на АРМ; со Никола Панов од Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со Владимир Петрески од Фондацијата за интернет и општество – Метаморфозис и со Патрик Мартенс, директор на Дирекцијата на германското стопанство во Македонија.

Во рамките на емисијата „Утрински хрономер“ имаше интервјуа со Билјана Кузмановска од Мечувалечки клуб „Ескрим“, со Габриела Донева, проектна асистентка во СмартАп и со Јован Сталевски, претседател на ЦЕФЕ Македонија и обучувач за претприемништво.

Во емисијата „Актуелно“ имаше интервјуа со Малинка Ристеска - Јорданова од Институтот за Европска политика, со Радмила Славкова, претставничка на Канцеларијата на ФАО во РСМ, со универзитетскиот професор Људмил Спасов, со Наташа Алексовска, основачка и деловна консултантка во компанијата „Вивендум Рацио Солушнс“ од Скопје, со амбасадорот на Република Словенија во Северна Македонија Милан Јазбец, со Марина Тошевска од „Агро Лидер“, со Павлина Јовановска, претставничка на здружението за едукација „Зелена берза“ Битола и со Јадранка Аризанковска, самостојна советничка при Стопанската комора на Македонија.

Во емисијата за земјоделците „Виножито“ беа водени интервјуа со Радмила Славкова од Канцеларијата на ФАО и со Петар Андонов, советник во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството од Битола.

Во емисијата „Патоказ“ имаше интервјуа со Маја Бајалска Георгиевска, раководителка на корпоративни комуникации во ТАВ Македонија и со Зоран Ногачески, градоначалник на Дебарца.

***Дебати***

Во емисијата „Актуелно“ имаше дебата со Билјана Ивановска, претседателката на Државната Комисија за спречување на корупцијата и Слаѓана Тасева, претседателка на „Транспаренси Интернешнл - Македонија“, на тема дали борбата против непотизмот, партиските вработувања и судирот на интереси ќе овозможат ДКСК да ја оправда довербата?

Во емисијата „Актуелно“ имаше дебата со Ангел Димитров, претседател на Организацијата на работодавачи; Миле Бошков, претседател на Бизнис конфедерацијата на Македонија; претседателот на

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС) Благоја Ралковски и Дарко Димовски, претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, на тема априлската минимална нето плата и нејзиното законско годишно усогласување.

Во емисијата „Во живо и гласно" имаше дебата со Ивана Томовска - Ефремов и Кристина Нина Бо, за активностите на мисијата на Мировниот корпус. Во друго издание од оваа емисија имаше дебата со Александра Теменугова, од Високата школа за новинарство и односи со јавност и д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, советничка во Бирото за развој во образованието, како и со извршната директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија Марина Тунева и Стефан Митиќ, средношколец од СУГС „Орце Николов", на тема медиумска писменост.

***Други информативни емисии***

Беа емитувани повеќе информативни емисии: „Радио спектар" (4 изданија), „Патоказ" (4 изданија), емисијата наменета за земјоделците „Виножито" (4 изданија), „Одблесоци на неделата" (2 изданија), „Во живо и гласно" (2 изданија), „Актуелно" (13 изданија) и „Утрински хрономер" (16 изданија). Во емисиите беа обработувани актуелните општествено-политички и економски теми.

Во четири изданија на емисијата „Актуелно" (на 11, 12, 18 и 25 март) медиумот, меѓу другото, известуваше и за претстојните претседателски избори.

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 16 часот.

Анализирани беа 25 изданија на Вестите, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 48 минути и 22 секунди.

***Начин на известување:***

Најчесто се известуваше за: средбата помеѓу лидерите на владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ – Зоран Заев и Христијан Мицкоски, за повеќе судски рочишта, за тековни активности на Владата, собраниските седници, предлог- законот за Јавно обвинителство со кој треба да се определи иднината на Специјалното јавно обвинителство, прес - конференциите на ВМРО ДПМНЕ во кои се критикува работата на Владата, за шумските пожари низ државата, за теми од здравството (луѓето заразени од бактеријата МРСА, смртните случаи од грип).

Претседателските и предвремените локални избори 2019 година беа застапени преку информации од ДИК за организацијата на изборните процеси и за активностите на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, а по неколку минути се одвоени за претседателските кандидати Силјановска-Давкова, Река и Пендаровски.

Карактеристично за известувањето е тоа што половина од вкупното време во Вестите беше посветено на информирање за Владата.

***Табела: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**МРА – албански јазик**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:22:23 | 4.24 | % |
| Влада на РМ | 04:23:44 | 49.91 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:07 | 3.24 | % |
| СДСМ | 00:13:10 | 2.49 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:40:37 | 7.69 | % |
| Алтернатива | 00:00:53 | 0.17 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:44 | 1.84 | % |
| Други субјекти | 00:50:29 | 9.55 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:13 | 0.61 | % |
| Судство | 00:14:06 | 2.67 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:06 | 1.91 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:01 | 1.52 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:42 | 1.08 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:48 | 0.72 | % |
| Собрание на РМ | 00:11:07 | 2.10 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:19:52 | 3.76 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:06:58 | 1.32 | % |
| Беса | 00:04:23 | 0.83 | % |
| Стево Пендаровски | 00:05:16 | 1.00 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:19 | 1.38 | % |
| АРМ | 00:00:21 | 0.07 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:47 | 0.53 | % |
| Блерим Река | 00:04:41 | 0.89 | % |
| Без субјекти | 00:01:10 | 0.22 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:25 | 0.27 | % |
| | **Вкупно: 08:48:22** | **100** | **%** |

## ***Посебни информативни емисии***

### ***Интервјуа***

Во емисијата „Економија“, емитувана на 20 март, имаше интервју со Хамид Алиу, експерт за економија, со кого се разговараше за намалување на невработеноста во земјава и за данокот на додадена вредност.

### ***Дебати***

Во емисијата „Аргумент“, емитувана на 15 март, имаше дебата со професорите Хасан Јашари, Ќашиф Бакиу и Шпетим Латифи, на тема Претседателските избори во 2019 година - кандидатите, електоратот и понудите на кандидатите.

# ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

### Алсат-М

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 19:00 часот

Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 10 часа 48 минути и 18 секунди.

***Начин на известување:***

Во овој извештаен период најзастапени теми беа: информациите во врска со преговорите околу предлог - законот за Јавно обвинителство и во тој контекст судбината на СЈО, претседателските и локалните избори, судирите во ДУИ во врска со згаснувањето на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот договор, финансиските неправилности во МНР нотирани од Ревизија, случаите покренати од Државната комисија за спречување корупција, непотпишувањето на реформските закони од страна на претседателот на државата, случајот со депонијата “Дрисла”, ширењето на епидемија на морбили, активните пожари низ државата, палењето на трската на струшкото крајбрежје. Телевизијата продолжи да посветува новинарско внимание на прашања поврзани со правни прашања и општествени-политички процеси (одложени рочишта за различни судски случаи, притвори, намалување на затворските казни, истраги за различни случаи, експертски анализи во врска со одредени политички процеси).

Изборите беа присутни преку активностите на ДИК и на кандидатите за претседатели и партиите што ги поддржуваат нивните кандидатури.

Особено карактеристичен за Алсат-М беше аналитичкиот пристап кон дневните теми и политички прашања. Презентирани беа различни мислења на аналитичари во врска со законските измени што треба да го утврдат статусот на СЈО и последиците од нивното недонесување, појаснување на надлежностите и изборот на претседателот на државата во иднина, проблемот со одбивањето на претседателот Ѓорге Иванов да ги потпише указите за прогласување на законите, новиот закон за департизација на администрацијата, казните за обвинетите во случајот „27 април“, намалувањето на стапката на невработеност, воведувањето прогресивен данок, критики на експертите од областа на безбедноста за некои одредби од предлог - законите за реформи во безбедноста и контраразузнавањето, прашањето дали Северна Македонија ќе добие датум за почеток на преговори за членство во ЕУ, предлогот за укинување на додатокот за трето дете, неспособноста на институциите да се справат со говорот на омраза во медиумите.

Во вестите на Алсат -М и натаму доминираа теми кои се од граѓански интерес, со консултирање на сите засегнати страни (проблемите со инфраструктурата, водоснабдувањето, нереализираните проекти, пожарите и депониите), што Телевизијата ги анализираше и од аспект на политичка одговорност и од еколошки аспект.

И во овој период на мониторинг продолжи критичкиот пристап на Телевизијата кон одредени општествени појави и случувања, при што, при известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

***Табела 1:Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ АЛСАТ - М**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:10:09 | 10.82 | % |
| Влада на РМ | 02:03:09 | 19.00 | % |
| Други субјекти | 01:34:44 | 14.61 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:39:58 | 6.16 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:47:53 | 7.39 | % |
| Судство | 00:22:42 | 3.50 | % |
| Стево Пендаровски | 00:04:11 | 0.65 | % |
| Граѓански сектор | 00:36:13 | 5.59 | % |
| СДСМ | 00:28:04 | 4.33 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:04 | 3.40 | % |
| Специјално обвинителство | 00:08:39 | 1.33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:52 | 0.44 | % |
| Без субјекти | 00:35:11 | 5.43 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:03:45 | 0.58 | % |
| Локална самоуправа | 00:25:28 | 3.93 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:13 | 0.34 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:08:53 | 1.37 | % |
| Беса | 00:07:07 | 1.10 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:27:11 | 4.19 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:17 | 1.28 | % |
| Собрание на РМ | 00:09:55 | 1.53 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:02:00 | 0.31 | % |
| ДИК и други органи | 00:12:09 | 1.87 | % |
| Блерим Река | 00:03:04 | 0.47 | % |
| Алтернатива | 00:00:46 | 0.12 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:41 | 0.26 | % |
| | **Вкупно: 10:48:18** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во извештајниот период од 7 до 31 март 2019 година емитувани беа шест интервјуа, при што со соговорниците се разговараше за теми од нивниот домен на работа. Во рамките на "360 степени" беа реализирани четири интервјуа: со Гордана Силјановска, кандидатка за претседателка на државата поддржана од ВМРО-ДПМНЕ, Арбен Таравари, градоначалник на Гостивар и генерален секретар на Алијанса за Албанците, со шефот на дипломатијата, Никола Димитров и со лидерот на опозициското движење БЕСА Биљал Касами. Во емисијата "200" имаше интервју со Блерим Река, кандидат за претседател на државата поддржан од БЕСА, а во емисијата "Економски магазин" со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика Марко Бислимовски.

***Дебати***

Се емитуваа 11 дебатни емисии во кои соговорниците дискутираа за актуелни економски, правни и општествено-политички теми. Пет од нив беа во емисијата „Патот кон", три во "Економски магазин", една во „360 степени" и две во рамки на емисијата „200".

Претседателските избори 2019, се јавија како една од темите во пет емисии „Патот кон". Во едната (7 март) гостуваа Стево Пендаровски, кандидат за претседател на државата поддржан од СДСМ и ДУИ, Арбен Раткоцери, издавач на весникот „Коха" и Зоран Иванов, новинар. Во второто издание (10 март) дебатираа Зијадин Села од Алијанса за Албанците и аналитичарите Билјана Секуловска и Џелал Незири,

во третата (14 март) Африм Гаши, претседател на Алтернатива, аналитичарот Газменд Ајдини и новинарот Љубиша Николовски. Во четвртата (21 март) гостуваа Биљал Касами, претседател на движењето БЕСА, Александар Цветковски, активист на граѓанското општество и Илир Лума, аналитичар, а во петтата (28 март) - Изет Меџити, потпретседател на ДУИ, Ремзи Мемети, потпретседател на Алијанса за Албанците и Веби Џемаили, професор и поранешен пратеник.

***Други информативни емисии***

Во овој период од мониторингот имаше три изданија на актуелно - информативната емисија со документаристички пристап “360 степени”. Во изданието од 18 март, беше реализирано кратко интервју со министерот за здравство Венко Филипче, на тема - *Антивакцинална кампања*, и со министерот за надворешни работи Никола Димитров и со вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи во врска со официјалниот почеток на пристапните преговори со ЕУ.

## ТВ АЛФА

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок:***

Вести во 17:30 часот

Анализирани беа 25 изданија на вестите со вкупно времетраење на анализираните прилози од 11 часа 18 минути и 16 секунди, од кои 12 минути и 22 секунди се одвоени за осврти/коментари.

***Начин на известување:***

Во дневно-информативните емисии, во периодот од 7 до 31 март 2019 година, ТВ Алфа ги третираше актуелните и актуелизираните теми, обработени низ различни новинарски жанрови, претежно информативни како вест, вест во низа, извештај и изјави, а во одреден дел и аналитички со коментаторски извештаи, осврти и анализи.

Најзастапени теми во овој период во мониторираниот примерок на вестите се: преговорите меѓу власта и опозицијата за предлог - законот за Јавното обвинителство (во врска со СЈО); судскиот процес за „27 април“ и приведувањето на Митко Чавков; имплементацијата на Договорот од Преспа и ставот на владините претставници за македонското малцинство во Грција; случаите што ги отвори Државната комисија за спречување корупција, најавените реформи и приватизацијата во јавното здравство; набавката на службени автомобили во Општина Струга; изградбата на минарето на џамијата во Охрид; приведувањето на поранешниот градоначалник на Карпош Стевчо Јакимовски; видео - спотот од УСАИД со препорака за мигрантите; протестите во Србија ставени во корелација со политичките случувања во Македонија.

Темата „*Претседателски избори 2019*“, во периодот пред почетокот на изборната кампања, директно беше проследена со презентација на информации и активности на ДИК околу спроведувањето на изборите; изјава на кандидатот за претседател, Стево Пендаровски дека го следат тајни служби (третирана во повеќе прилози последователно); посетата на делегацијата на ВМРО ДПМНЕ во која беше и кандидатката за претседателка Гордана Силјановска-Давкова на Собранието на Европската народна партија во Брисел (проследена преку серија прилози и интервју во живо од Брисел со Силјановска – Давкова).

Со повеќе новинарски прилози и од повеќе аспекти беше проследен и ТВ дуелот на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Християн Мицкоски и премиерот Зоран Заев. Во мониторираниот примерок дневно-информативни емисии, Телевизијата редовно ги проследуваше реакциите од ВМРО ДПМНЕ со изјави на

портпаролите или некој од членовите на оваа опозициска партија и реакциите од владејачката СДСМ - најчесто во форма на партиски соопштенија.

При известувањето, генерално се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, а и во овој извештаен период, карактеристика во известувањето на ТВ Алфа беше претежно критичкиот и негативен став во прилозите за активностите на Владата, јавните институции, партиите на власт, и во третирањето на настапите и изјавите на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, односно неутрален или позитивен став во презентирањето на активностите на опозициската ВМРО ДПМНЕ. Во последниот квартал од овој мониториран период, во неколку прилози со негативен став за активности на Владата, се цитираа делови од предизборната програма на СДСМ.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**ТВ АЛФА**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:09:10 | 10.39 | % |
| Влада на РМ | 02:06:19 | 18.97 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:39 | 1.30 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:05:56 | 0.89 | % |
| Стево Пендаровски | 00:05:32 | 0.83 | % |
| Блерим Река | 00:02:07 | 0.32 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:53:52 | 8.09 | % |
| СДСМ | 00:26:21 | 3.96 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:58 | 3.15 | % |
| Граѓански сектор | 00:58:43 | 8.82 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:36:57 | 5.55 | % |
| Други субјекти | 02:24:43 | 21.73 | % |
| Судство | 00:23:41 | 3.56 | % |
| Јавно обвинителство | 00:13:17 | 1.99 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:05 | 1.06 | % |
| Локална самоуправа | 00:22:08 | 3.32 | % |
| Без субјекти | 00:21:27 | 3.22 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:06 | 0.92 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:02:01 | 0.30 | % |
| Беса | 00:00:47 | 0.12 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:33 | 0.23 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:25 | 0.36 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:49 | 0.12 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:35 | 0.24 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:56 | 0.29 | % |
| АРМ | 00:00:53 | 0.13 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:54 | 0.14 | % |
| | **Вкупно: 11:05:54** | **100** | % |

Четири прилози, со вкупно траење од 12 минути и 22 секунди, беа во категоријата *коментари/осврти* - два од нив се новинарска анализа „*Што го предизвика крвавиот четврток*", а другите два се однесуваат на Претседателските избори 2019. На оваа тема, Телевизијата правеше осврти на изјавата на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски дека го следат тајни служби и на тоа какво ќе биде влијанието на резултатите од претседателските избори од потенцијалниот договор меѓу македонската и албанската опозиција.

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во емисијата „Отворено на Алфа“, во вториот мониториран период, премиерно се емитувани пет интервјуа, со реприза во наредниот ден. Две од нив се однесуваа целосно или делумно на темата „*Претседателски избори 2019*“.

На 7 март 2019 година беше емитувано интервју со претседателот на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски, во чиј поголем дел се зборуваше за претстојните претседателски избори.

На 18 март премиерно, а на 19 март 2019 година, репризно беше емитувано интервју со кандидатката за претседателка Гордана Силјановска- -Давкова. Во обид да се запази начелото за еднаков третман, телевизијата информираше дека во следната емисија бил поканет да гостува претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, но тој ја одбил поканата поради презафатеност.

***Дебати***

Осум изданија на емисијата „Отворено на Алфа“ беа реализирани како дебати. Една емисија беше целосно посветена на Претседателските избори 2019, а во други три, тие беа доминантна тема, но се разговараше и за другите актуелни општествено-политички случувања.

На темата *„Претседателски избори – битка за Македонија“,* дискутираа поранешниот амбасадор Ристо Никовски и поранешниот пратеник Ламбе Арнаудов. И двајцата гости во емисијата изразија поддршка за кандидатката за претседателка Гордана Силјановска- -Давкова.

Претседателските избори беа доминантна тема и во емисијата во која дебатираа Никола Мицевски (координатор на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ) и Јован Митревски (координатор на пратеничката група на СДСМ). Оваа тема делумно беше опфатена во вонредното издание на емисијата „Отворено на Алфа“ на 15 март 2019 година со аналитичарите Александар Пандов и Сотир Костов, примарно посветено на изречените пресуди за обвинетите во случајот „27 април“. Претстојните претседателски избори беа една од темите и во изданието на емисијата во која гостуваа Солза Грчева од Глас за Македонија и поранешната директорка на Археолошкиот музеј Весела Честоева.

***Други информативни емисии***

Во четирите изданија на политичкиот магазин „Седмица“, што беа емитувани во периодот меѓу 7 и 31 март 2019 година, премиерно и по еднаш репризно, авторот Коле Чашуле коментаторски се осврнуваше на актуелните општествено-политички настани со претежно критички став за политиката на Владата, за премиерот Зоран Заев и за претседателскиот кандидат Стево Пендаровски.

Во овој период беа емитувани четири премиерни и четири репризни изданија од емисијата „Во центар“, во кои авторот Васко Ефтов реализираше серија разговори со неколку соговорници од српската општествено - политичка сцена (Драган Вичичевиќ, уредник на „Информер“; Југослав Петрушиќ, таен агент; Милован Дрецин, политичар) на тема - актуелните политички случувања во Србија во корелација со македонската политичка сцена. Во разговорот со новинарот Зоран Иванов, една од темите беше употребата на името Северна Македонија и јазичното прашање од Преспанскиот договор.

Петнаесет изданија од контактно-информативната емисија со директно вклучување на гледачите, „Збор по збор“, што се емитува премиерно секој работен ден, и репризно наредниот ден, беа посветени на актуелни и на актуелизирани општествено-политички теми („*Бришење на придавката македонски кај 136 институции*“, *„Жената во семејството, традицијата и политичките амбиции – каква е македонската жена?“, „Какви инфраструктурни инвестиции се потребни во Македонија?“, „Треба ли да има социјални пензии“, „Треба ли да се зголеми минималната плата“, „Што ќе донесе моделот на јавно-приватно партнерство во Брзата помош?“, „Како да се спречи одливот на кадар од Македонија?“* и сл.).

## ТВ КАНАЛ 5

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Вести во 18:00 часот.

Анализирани беа 25 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 9 часа 51 минута и 2 секунди.

***Начин на известување:***

Во вториот извештаен период, најчесто се известуваше за: преговорите меѓу партиите на власт (СДСМ и ДУИ) и опозициската ВМРО ДПМНЕ околу предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на Специјалното јавно обвинителство, лидерската средба меѓу Зоран Заев и Христијан Мицкоски, судскиот процес против извршителите на настаните во Собранието од 27 април 2017 година, судските процеси покренати од СЈО, активностите на Државната комисија за спречување корупција, непотпишувањето на законите изгласани во Собранието од страна на претседателот Ѓорге Иванов, апсењето на поранешниот градоначалник на општина Карпош – Стевче Јакимовски, состојбата со пожарите на повеќе места во државата, состојбата со морбили и грип, телевизискиот дуел на лидерите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ на ТВ Канал 5, економски прашања и др.

Подготовките за претседателските и локалните избори во Охрид, Дебар и Ново Село беа присутни малку, преку активностите на ДИК и на кандидатите за претседател на државата.

Во рамки на централното дневно-информативно издание на ТВ Канал 5, во извештајниот период беа емитувани три кратки разговори (интервјуа), со политичките аналитичари Исмет Рамадани и Агим Јонуз и со поранешниот судија во Уставниот суд Трендафил Ивановски.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Канал 5**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:54:30 | 9,22 | % |
| СДСМ | 00:42:40 | 7,22 | % |
| Судство | 00:22:05 | 3,74 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:32 | 1,11 | % |
| Влада на РМ | 01:44:21 | 17,66 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:03:12 | 0,54 | % |
| Други субјекти | 01:00:22 | 10,21 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:45:27 | 7,69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:48:47 | 8,25 | % |
| Граѓански сектор | 00:35:11 | 5,95 | % |
| Без субјекти | 00:20:22 | 3,45 | % |
| Локална самоуправа | 00:23:54 | 4,04 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:57:41 | 9,76 | % |
| Стево Пендаровски | 00:04:13 | 0,71 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:02:36 | 0,44 | % |
| Блерим Река | 00:01:53 | 0,32 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:03:38 | 0,61 | % |
| Собрание на РМ | 00:15:16 | 2,58 | % |
| ДИК и други органи | 00:12:29 | 2,11 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:32 | 1,11 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:42 | 0,46 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:01:27 | 0,25 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:14 | 1,73 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:43 | 0,12 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:43 | 0,12 | % |
| Беса | 00:01:42 | 0,29 | % |
| АРМ | 00:01:50 | 0,31 | % |
| | **Вкупно: 09:51:02** | 100 | % |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Премиерно беа емитувани четири интервјуа, сите реализирани во рамки на емисијата „Само вистина". Во две од нив, претстојните избори беа една од темите за коишто се разговараше со соговорниците. На (13 март) гостин во студиото на ТВ Канал 5 беше претседателот на Владата Зоран Заев. Второто интервју во кое една од темите за разговор беа и претседателските избори (22 март) е со поранешниот претседател на Собранието Стојан Андов, со кого првенствено се разговараше за судската забрана за продажба на негова книга.

Гости во студиото на ТВ Канал 5 беа и професорите Гордан Калајџиев, со кого се разговараше за Предлог-законот за Јавно обвинителство и околу трансформацијата на Специјалното јавно обвинителство, и академичката Катица Ќулавкова за ставот на МАНУ во врска со Преспанскиот договор и промената на називите на институциите. Сите разговори беа репризирани.

***Дебати***

Во анализираниот период, премиерно беа емитувани 14 дебатни емисии на актуелни општествено-политички теми: преговорите на партиите од власта и опозициската ВМРО ДПМНЕ околу Предлог-законот за Јавно обвинителство, претседателските избори, судските пресуди за настаните од 27 април 2017 година, реформите поврзани со добивање датум за преговори со ЕУ и др. Дебатите беа репризирани.

Во десет од дебатните емисии, доминантна, или една од позначајните теми, беа Претседателските избори или предизборните активности на партиите. Во рамки на емисијата „Само вистина" на овие теми дебатираа: пратениците Костадин Костадинов од СДСМ и Трајчо Димков од ВМРО ДПМНЕ (7 март); универзитетскиот професор Самоил Малчевски и поранешниот пратеник Сафет Бишевац (11 март); новинарот Љупчо Зиков и универзитетскиот професор Александар Даштевски (12 март); политичкиот аналитичар Насер Зибери и Петар Богојески од ВМРО ДПМНЕ (15 март); новинарот Зоран Иванов и политичкиот аналитичар Александар Пандов (18 март); претседателот на политичката партија Интегра и новинарот Мирче Адамчевски (19 март); новинарите Бранко Геровски и Љубиша Николовски (21 март); лидерите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, Зоран Заев и Христијан Мицкоски (26 март); новинарот Зоран Иванов и претставникот на Левица Здравко Савевски (27 март); Лилјана Поповска од ДОМ и Петар Богојески од ВМРО ДПМНЕ (29 март).

***Други информативни емисии***

Практиката секој работен ден, во рамки на утринската програма „Здраво Македонијо“, медиумот да поставува по неколку теми за разговор и да ги отвора телефоните за гледачите, продолжи и во текот на вториот извештаен период. Премиерно беа емитувани 17 контактно-информативни емисии, секоја од нив составена од по неколку програмски блокови, со посебни теми за разговор со гледачите. Темите на блоковите најчесто беа од сферата на актуелните општествено-политички случувања, економијата, здравството, социјалата.

Во девет изданија на контактно-информативната емисија, едно од прашањата беше директно или индиректно поврзано со претстојните Претседателски избори.

## ТВ СИТЕЛ

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Дневник 1 во 19:00 часот и Бизнис вести (емитувани по Дневникот).

Анализирани беа 25 изданија на централната дневно-информативна емисија (Дневник 1) и 17 изданија на економските вести (Бизнис вести), кои се емитуваат само во работни денови. Вкупното времетраење на анализираните прилози е 11 часа 20 минути и 36 секунди.

***Начин на известување:***

Во анализираниот период (од 7 до 31 март 2019 година), ТВ Сител, во наведените изданија вести, најчесто известуваше за: преговорите меѓу партиите на власт (СДСМ и ДУИ) и опозициската ВМРО ДПМНЕ во врска со предлог-законот за Јавно обвинителство и за иднината на Специјалното јавно обвинителство, лидерската средба меѓу Зоран Заев и Христијан Мицкоски, непотпишувањето на законите изгласани во Собранието од страна на претседателот на државата Ѓорге Иванов, судскиот случај поврзан со собраниските настани од 27 април 2017 година, случаите покренати од Специјалното јавно обвинителство, состојбата со пожарите во државата, активностите на Државната комисија за спречување корупција, состојбите во здравството (случаите на морбили и грип, случаите на заразување со бактеријата МРСА), економски и социјални прашања и др.

Со помал интензитет се известуваше за подготовките за Претседателските избори 2019 година и изборите за градоначалник во Охрид, Дебар и Ново Село, како што може да се види и од распределбата на времето во Табела 1.

Меѓу политичките субјекти, позначително одвоениот временски простор за ВМРО ДПМНЕ се должи на прилозите со изнесени ставови и реакции на партијата во врска со актуелни општествено-политички случувања (обвинувањата на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски дека е следен од тајни служби, економските и социјалните политики на Владата, интерпелацијата за министерот Оливер Спасовски, џебното вето на претседателот Иванов за изгласаните закони, предлог-законот за Јавно обвинителство и др.), во коишто како друга страна се појавуваат претставници на Владата. Исто така, на информациите за активностите на партијата во рамки на организацијата на сестринските европски партии, како и на емитувањето поголем дел од интервјуто со лидерот на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски, премиерно реализирано во вестите од 16.00 часот.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

Инаку, во централното дневно-информативно издание на ТВ Сител, во извештајниот период се емитувани три интервјуа. Покрај веќе споменатото интервју со Мицкоски, другите два разговора се со владини претставници: со министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски и со министерот за комуникации, отчетност и транспарентност Роберт Поповски.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Сител**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:16:04 | 11.18 | % |
| Влада на РМ | 02:22:19 | 20.91 | % |
| СДСМ | 00:31:33 | 4.64 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:03:30 | 9.33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:30:52 | 4.54 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:33 | 0.67 | % |
| Други субјекти | 01:25:34 | 12.57 | % |
| Собрание на РМ | 00:11:08 | 1.64 | % |
| Граѓански сектор | 00:50:22 | 7.40 | % |
| Без субјекти | 00:40:15 | 5.91 | % |
| Локална самоуправа | 00:26:23 | 3.88 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:46:38 | 6.85 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:48 | 0.26 | % |
| Судство | 00:10:35 | 1.56 | % |
| Стево Пендаровски | 00:07:43 | 1.13 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:02:12 | 0.32 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:04:44 | 0.70 | % |
| Блерим Река | 00:03:07 | 0.46 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:29 | 1.69 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:32 | 0.08 | % |
| Либерална партија | 00:00:32 | 0.08 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:03:48 | 0.56 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:16 | 1.07 | % |
| Јавно обвинителство | 00:14:07 | 2.07 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:56 | 0.14 | % |
| Беса | 00:01:39 | 0.24 | % |
| АРМ | 00:00:57 | 0.14 | % |
| | **Вкупно: 11:20:36** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Емитуван е еден разговор, со директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, Јован Деспотовски, во врска со улогата и значењето на институцијата.

***Дебати***

Во рамки на емисијата „Детектор“ во извештајниот период се емитувани 4 дебати на следниве теми: улогата на државата во заштитата на водата за пиење, распространетоста на корупцијата, реформите во јавната администрација и случаите со непотизам, судовите и заштитата на правото и правдата.

*Други информативни емисии*

Медиумот, во утринската програма „Ја сакам Македонија“, во рамки на рубриката „На дневен ред“, ја задржа практиката да поставува по една или две актуелни теми, на коишто гледачите може да го изнесат својот став. Во анализираниот период премиерно се емитувани 12 емисии. Темите беа од сферата на општествено-политичките случувања, економијата, социјалата. Во три изданија (7, 8 и 15 март), една од темите за дискусија беше поврзана со изборите во 2019 година.

## ТВ ТЕЛМА

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок**:*

Вести од 18:30 часот.

Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на методолошки издвоените прилози од 10 часа и 4 минути. Во ова време, емитувани се и неколку новинарски осврти во траење од 11 минути и 40 секунди.

***Начин на известување**:*

Вториот месец од предизборието, во вестите од 18 и 30 часот, на ТВ Телма беше проследен со мала информативна минутажа, главно насочена кон организациските, подготвителни работи што ги преземаат, од една страна - институциите што имаат соодветни надлежности според Изборниот законик, односно – Државната изборна комисија (Избирачкиот список; изборната ждрепка; официјализирање на кандидатурите) и Државната комисија за спречување на корупцијата (статистички бележена во ставката за – *„други субјекти“*), а од друга страна и - кандидатите за претседател на државата – Блерим Река, Стево Пендаровски и Гордана Силјановска – Давкова - што е впрочем очигледно и од статистиката за застапеноста на нивните активности меѓу другите вести и извештаи. Аспект придодаден кон опишаниот информативен редакциски приод кон предизборните организациски формалности беше - стручното, комуникациско проширување на изборната анализа кон - влијанието на облиците изборна кампања низ „социјални мрежи“.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ ТЕЛМА**

| Субјекти | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 01:55:35 | 19.51 | % |
| Граѓански сектор | 00:38:56 | 6.57 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:59:34 | 10.06 | % |
| Други субјекти | 01:39:26 | 16.79 | % |
| Без субјекти | 00:24:07 | 4.07 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:04:46 | 0.80 | % |
| Беса | 00:04:21 | 0.73 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:34:07 | 5.76 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:27:12 | 4.59 | % |
| Судство | 00:21:09 | 3.57 | % |
| Претседател на РМ | 00:06:26 | 1.09 | % |
| Собрание на РМ | 00:12:34 | 2.12 | % |
| Стево Пендаровски | 00:04:13 | 0.71 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:35 | 1.45 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:18:54 | 3.19 | % |
| СДСМ | 00:17:32 | 2.96 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:10 | 1.21 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:18 | 4.44 | % |
| АРМ | 00:02:02 | 0.34 | % |
| Локална самоуправа | 00:33:57 | 5.73 | % |
| Специјално обвинителство | 00:18:47 | 3.17 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:02:20 | 0.39 | % |
| Блерим Река | 00:01:26 | 0.24 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:53 | 0.49 | % |
| | **Вкупно: 09:52:20** | **100** | **%** |

Новинарските осврти, емитувани во овој период на мониторингот, се однесуваа на дивоградбите во реонот на Кањонот Матка, истражувачки/аналитички обработена, маркантна тема во централното издание на ТВ Дневникот.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

На 27 март, гостувањето на вице-премиерот Бујар Османи во „Топ тема“ беше искористено да се презентираат и владините очекувања од изборниот процес во контекст на евроатлантските интеграции. Другите интервјуа, во периодот од 7 до 31 март 2019 година, реализирани во емисиите „Топ тема“ и „Вин Вин“, се однесуваа на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, на тековните состојби и на реформските зафати во здравството и во правосудната структура.

***Дебати***

На 25 март, изданието на „Топ тема“ претставуваше комуникациско-политиколошка дебата околу еднонеделно истражување на јавното мислење спроведено од агенцијата „М-проспект“, во врска со претстојните избори за претседател на државата. Учесници беа: Марко Трошановски од Институтот за демократија, Александар Кржаловски, извршниот директор на МЦМС, и Алберт Муслиу, извршниот директор на АДИ – Асоцијација за демократски иницијативи.

## Кабелски телевизии

## 1 ТВ

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Централен дневник во 20:00 часот.

Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 13 часа 56 минути и 44 секунди, од кои 3 минути и 12 секунди се кратки осврти на водителите на вестите поврзани со некои од прилозите.

***Начин на известување:***

Во дневно–информативните емисии, најчесто се известуваше за следните теми: преговорите меѓу партиите од власта и опозицијата за предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на СЈО, лидерската средба меѓу Зоран Заев и Христијан Мицкоски, подготовките за Претседателските избори 2019, ратификувањето на Протоколот за членство во НАТО на земјава од страна на други земји, активностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, притворот за поранешниот градоначалник на општина Карпош - Стевчо Јакимовски, судските пресуди за извршителите на настаните во Собранието од 27 април 2017 година, случаите покренати од СЈО, пожарите, дивоградбите на Матка и мораториумот за градба во Општина Центар, дипломатските активности помеѓу Скопје и Атина, здравство (состојбата со морбилите, грипот, бактеријата МРСА), активности на министерствата и јавните институции, партиски соопштенија/реакции за активностите на власта и др.

Во рамките на Централниот дневник емитувани се 16 интервјуа и еден ТВ дуел. Соговорници беа адвокати, претставници на органите на власта и јавните институции, експерти/аналитичари, претставници на граѓански здруженија, членови на Државната комисија за спречување на корупција, со кои се разговараше на актуелни дневно - политички, општествени, безбедносни и други теми. Две од интервјуата беа со вицепремиерите за економски прашања Кочо Анѓушев и за европски прашања Бујар Османи, со претставници од државни институции (со директорката на Државен здравствен инспекторат – Ирина Бухова и со директорот на Дирекцијата за заштита и спасување – Аднан Џафероски), со претставници на ДКСК (претседателката Билјана Ивановска и членот Горан Трпеновски), и со претседателот на партијата на Македонците во Србија – Горан Илиевски. ТВ дуелот во рамките на Централниот дневник беше емитуван на 29 март 2019 година, помеѓу Игор Јанушев, шефот на Изборниот штаб на кандидатката за претседателка Гордана Силјановска - Давкова и Александар Кирацовски, шефот на Изборниот штаб на кандидатот Стево Пендаровски. Ова време, методолошки, во табелата, е прикажано како време на двајцата кандидати за претседател.

За ВМРО ДПМНЕ е издвоено позначително време како резултат на прилозите со ставови, критики, реакции на оваа партија кон власта во врска со одредени актуелни општествено-политички случувања (изјавите на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски дека е следен од тајни служби, интерпелација за министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и пратенички прашања во Собранието, преговорите за новиот Закон за јавно обвинителство и иднината на СЈО, судските случаи на СЈО, судските пресуди во случајот за настаните од 27 април, вработувања во предизборен период, пожарите и др.), во коишто, како друга страна, се појавуваат претставници на Владата.

При известувањето генерално се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**1 ТВ**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:33:51 | 4,06 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:29:19 | 3,52 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:57:44 | 6,93 | % |
| СДСМ | 00:37:18 | 4,47 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:31 | 1,62 | % |
| Други субјекти | 02:24:31 | 17,34 | % |
| Влада на РМ | 01:58:20 | 14,20 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 01:01:32 | 7,38 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:37:51 | 4,54 | % |
| Локална самоуправа | 00:15:44 | 1,89 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:17:17 | 9,27 | % |
| Без субјекти | 00:38:35 | 4,63 | % |
| Судство | 00:37:29 | 4,50 | % |
| Специјално обвинителство | 00:15:05 | 1,81 | % |
| Граѓански сектор | 00:59:38 | 7,15 | % |
| Блерим Река | 00:06:09 | 0,74 | % |
| Собрание на РМ | 00:18:38 | 2,24 | % |
| Јавно обвинителство | 00:09:01 | 1,08 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:51 | 1,06 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:55 | 0,47 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:02:17 | 0,27 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:57 | 0,11 | % |
| Беса | 00:03:27 | 0,41 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:26 | 0,05 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:02:06 | 0,25 | % |
| | **Вкупно: 13:53:32** | 100 | % |

Емитувани се неколку кратки осврти на водителите на вестите, како вовед во прилозите што следуваат, а се однесуваат на: реториката на Христијан Мицкоски при споредбата на изречените казни за случувањата од 27 април со Нирнбершкиот процес; градежната мафија во главниот град и дивоградбите на Матка; преговорите за новиот закон за јавно обвинителство и иднината на СЈО; изградбата на згради спроти хотелот „Холидеј Ин“ во Скопје.

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во текот на анализираниот период, во рамки на информативните целини „Отворено студио 1“, „Печат на неделата“ и „Правда и неправда“, реализирани беа вкупно 32 премиерни изданија на интервјуа во кои се обработуваше широк опсег дневно – политички теми (вклучително и изборите), општествени, економски и социјални теми. Интервјуата во целина или нивни кратки делови беа репризно емитувани во повеќе наврати во текот на следните денови.

Темите кои се однесуваат на Претседателските избори 2019 година, беа застапени во 4 интервјуа, реализирани со: кандидатот за претседател Блерим Река поддржан од БЕСА (7 март); Дарко Алексов од граѓанската организација МОСТ, која го набљудува изборниот процес (13 март); портпаролката на ДИК Љупка Гугучевска (15 март); потпретседателот на Собранието Горан Мисовски, кој покрај за собраниските проблеми и предизвици, говореше и за очекувањата од претстојните избори (22 март).

***Дебати***

Во рамки на тематската целина „Отворено студио 1" како и во емисијата „Печат на неделата", премиерно беа реализирани вкупно 11 дебати. Во нив се обработуваа теми од областа на дневно – политичките случувања, загадувањето, состојбата во медиумската сфера, правата на маргинализираните заедници, тајните служби, дуелот помеѓу Зоран Заев и Христијан Мицкоски, претстојните избори и др.

Претседателските избори 2019 година беа тема на дискусија во едно издание, кое потоа беше репризирано во повеќе наврати, во оригинални и скратени верзии. Станува збор за дебатата меѓу уредничката во дневниот весник „Независен" Александра Митевска и главниот уредник на дигиталната редакција „Сакам да кажам" Горан Михајловски, кои дискутираа за ТВ дуелот меѓу лидерите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ Заев и Мицкоски и околу Претседателските избори (27 март).

***Други информативни емисии***

Во текот на мониторираниот период емитувани беа 2 информативни програми. Во оваа категорија се вбројува делот од „Отворено студио 1" кој е наречен „Граѓански форум" што е наменет за телефонски јавувања на гледачите кои, во овој втор извештаен период, дебатираа на темите: партиски преговори за новиот закон за јавно обвинителство и иднината на СЈО, како и за дуелот меѓу Христијан Мицкоски и Зоран Заев.

***Други емисии***

Во забавната емисија „Ексклузив" (од 13 март) беше премиерно емитуван разговор со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, во кое тој говореше за својот приватен живот. Разговорот беше репризиран повеќе пати во анализираниот период.

## ТВ 21 -М

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок:***

Дневник во 18:30 часот.

Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 9 часа 53 минути и 16 секунди.

***Начин на известување:***

Во периодот од 7 до 31 март, во дневно-информативните емисии најзастапени теми беа: предлог-законот за СЈО, посетата на премиерот Зоран Заев на Тирана, средбата на Зоран Заев со лидерот на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски и со лидерите на опозициските партии на Албанците во РСМ, пресудата на обвинетите во предметот „27 април" како и други судски процеси, потоа активности на Владата и претседателот на Собранието, активностите на Антикорупциската комисија, трансформирање на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во Министерство, епидемијата на мали сипаници и други актуелни општествено-политички и социјални теми.

Претседателските и локалните избори за градоначалник во овој мониториран период беа присутни во прилози за активностите на ДИК, општите информации за изборите, поднесувањето на кандидатурите, потврдувањето на кандидатите и на избирачките листи.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ 21 - М**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 01:17:41 | 13.09 | % |
| Претседател на РМ | 00:06:31 | 1.10 | % |
| Влада на РМ | 01:41:03 | 17.03 | % |
| Специјално обвинителство | 00:08:14 | 1.39 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:15:23 | 2.59 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:40:46 | 6.87 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:32 | 4.81 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:16:19 | 2.75 | % |
| Локална самоуправа | 00:36:55 | 6.22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:48:34 | 8.19 | % |
| Без субјекти | 01:06:56 | 11.28 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:57 | 0.50 | % |
| Беса | 00:06:50 | 1.15 | % |
| Стево Пендаровски | 00:04:08 | 0.70 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:03:24 | 0.57 | % |
| Блерим Река | 00:07:07 | 1.20 | % |
| Граѓански сектор | 00:31:05 | 5.24 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:04 | 2.20 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:01:00 | 0.17 | % |
| СДСМ | 00:21:58 | 3.70 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:11 | 2.05 | % |
| Судство | 00:07:43 | 1.30 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:20 | 0.22 | % |
| Собрание на РМ | 00:13:35 | 2.29 | % |
| Јавно обвинителство | 00:13:33 | 2.28 | % |
| Левица | 00:02:06 | 0.35 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:45 | 0.13 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:02:33 | 0.43 | % |
| АРМ | 00:01:03 | 0.18 | % |
| | **Вкупно: 09:53:16** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во периодот од 7 до 31 март беа емитувани 7 интервјуа, од кои пет за теми поврзани со Претседателски избори 2019 година, и тоа со: претседателските кандидати Стево Пендаровски (7 март) и Блерим Река (11 март), Илија Димовски, пратеник на ВМРО-ДПМНЕ (10 март) и Оливер Деркоски, претседател на ДИК (12 и 31 март).

Другите интервјуа, за теми ги имаа трансформирање на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во Министерство, предизвиците на Државната комисија за спречување на корупцијата пред избори, намалувањето на корупцијата како услов за преговори со ЕУ.

***Дебати***

Во текот на анализираниот период, во рамките на емисијата "КликПлус" реализирани беа 8 дебати. За темите поврзани со "Претседателски избори 2019", беа издвоени две дебати, во кои дебатираа Тито Петковски - политичар, Имер Селмани - политичар и Влатко Ѓорчев - пратеник од ВМРО-ДПМНЕ (14 март), Артан Груби - ДУИ и Арбен Таравари - Алијанса за Албанците (25 март).

Во едно издание на емисијата „КликПлус“ (13 март) дебатираа Блерим Беџети- ДУИ, Флакрон Беџети - Алијанса за Албанците, Арафат Шабани-БЕСА, Артан Дика – правен експерт. Главна тема на дебатата беше судбината на СЈО во новиот предлог-закон, а во дел од емисијата се дискутираше и на тема претседателските избори. Во другите изданија теми беа укинување на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и формирање на ново Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, колку и кога политиката се меша во судскиот систем, политичка амнестија, европските закони и нивната примена во Македонија, и прашањето за иселувањето на граѓаните поставени пред дилемата - партиска книшка или диплома.

***Други информативни емисии***

Во овој извештаен период беа емитувани 10 информативни емисии. Во редовниот термин за емисијата „10 минути“, беа емитувани исечоци од: собраниската расправа за интерпелација на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски; заедничката прес-конференција на премиерот на Република Северна Македонија Зоран Заев и премиерот на Република Албанија Еди Рама; изречените пресуди за “27-ми април“; изјава на Радмила Шеќеринска, министерка за одбрана, за интеграцијата на Северна Македонија во НАТО и безбедносните политики. Другите изданија за теми ги имаа: новиот предлог-закон за СЈО, ставот на НВО секторот за предлог - законот за социјална заштита, дивоизградените платформи на Езерото Матка, протестниот марш за ослободување на Фета Алими, начинот на спроведување на Законот за јазици.

**КЛАН МАКЕДОНИЈА**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок:***

Дневник во 18:30 часот.

Анализирани 25 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 7 часа 3 минути и 59 секунди.

***Начин на известување:***

Во дневно-информативните емисии, во вториот извештаен период, најзастапени теми беа активностите на работната група за статусот на СЈО, посетата на премиерот Зоран Заев на Тирана, неговата средба со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и со лидерите на опозициските партии на Албанците во РСМ, активностите на Државната комисија за спречување корупција, пресудата за обвинетите во предметот за собраниските настани од 27 април 2017 година. Се известуваше и за ратификацијата на Протоколот за пристапување на РСМ во НАТО, Законот за употреба на јазиците, заминување на младите од државата, дивоградбата во кањонот Матка и за други актуелни политички и социјални теми.

На Телевизијата беа присутни и теми за претседателските и локалните избори за градоначалник на Охрид, за Ново Село и Дебар, но без посебен интензитет, а информациите се однесуваа на поднесувањето на кандидатурите, потврдувањето на кандидатите и други активности на ДИК.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Клан Македонија**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 01:14:02 | 17.46 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:58 | 0.70 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:13 | 5.24 | % |
| Влада на РМ | 01:33:52 | 22.14 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:42:39 | 10.06 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:38 | 2.51 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:30:51 | 7.28 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:30 | 1.30 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:34 | 1.08 | % |
| Судство | 00:08:55 | 2.10 | % |
| Граѓански сектор | 00:26:48 | 6.32 | % |
| Без субјекти | 00:20:18 | 4.79 | % |
| СДСМ | 00:11:58 | 2.82 | % |
| Алтернатива | 00:03:16 | 0.77 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:04:55 | 1.16 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:27 | 2.23 | % |
| Беса | 00:02:32 | 0.60 | % |
| Собрание на РМ | 00:13:46 | 3.25 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:49 | 2.32 | % |
| Локална самоуправа | 00:13:57 | 3.29 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:57 | 1.17 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:18 | 0.31 | % |
| Блерим Река | 00:01:08 | 0.27 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:08 | 0.27 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:05 | 0.26 | % |
| АРМ | 00:01:25 | 0.33 | % |
| | **Вкупно: 07:03:59** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во извештајниот период од 7 до 31 март, во емисиите „Интервју“ и „Клан дебат“ реализирани беа 4 интервјуа, на следниве теми: Преспанскиот договор и односите меѓу Северна Македонија и Грција, законот за СЈО- клуч за преговорите со ЕУ, правниот систем во РСМ. Во емисијата „Клан дебат“, емитувана на 21 март, вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи, освен за актуелните теми во земјава, во дел од интервјуто зборуваше и за претседателските избори.

***Дебати***

Емитувани беа 4 дебати, од кои една се однесуваше на претседателските избори. Во „Клан дебат“ (14 март) дебатираа аналитичарите Милаим Фетаи, Сефер Тахири и Џелал Незири.

Другите 3 дебатни емисии се однесуваа на – патот Скопје-Блаце, транспарентноста и отчетноста на општините, административните услуги, судбината на СЈО, пописот во 2020 година.

***Други информативни емисии***

Во овој период, во редовниот термин на информативната емисија “99 минути“, медиумот емитуваше пресек од актуелни настани од земјава како и разговори на повеќе актуелни општествено-политички и социјални теми. Во едно издание на информативно - забавната емисија “Хепи деј“ (29 март), реализирано беше кратко интервју со вицепремиерот Бујар Османи за пописот на населението.

## ТВ СОНЦЕ

### ***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 18 часот.

Анализирани беа 25 изданија на Вестите, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 44 минути и 43 секунди.

***Начин на известување:***

И во овој извештаен период клучната специфичност за известувањето во Вестите на ТВ Сонце и натаму беше високата застапеност на соопштенијата и писмените реакциите на партијата Македонска алијанса, односно на нејзиниот претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски (сопственик на ТВ Сонце) за кои е издвоено 37 минути и 2 секунди од вкупното време, што е повеќе отколку времето за сите други политички субјекти (партии и кандидати) заедно - за кои се издвоени вкупно 33 минути и 5 секунди. Во реакциите (од кои неколку беа објавени како прва содржина во дневно-информативната емисија) беше осудувана политиката на власта за промена на името, потоа за судските пресуди за 27 април, за поддршка на Македонците од целиот регион, за пазарот за претседателските избори итн.

Освен ова се известуваше за лидерската средба помеѓу Зоран Заев и Христијан Мицкоски, судските рочишта за разни предмети, тековните активности на Владата, собраниските седници, преговорите за законот за јавно обвинителство (за СЈО), прес-конференциите на ВМРО ДПМНЕ во кои се критикува работата на Владата, состојбата со шумските пожари низ Македонија, случаите на луѓе заразени од бактеријата МРСА, неколку смртни случаи од грип, пресудата за обвинетите од 27 април итн.

Изборите беа присутни малку – преку известувањето за активностите на ДИК и на ОБСЕ/ОДИХР, и преку кусото претставување на тројцата претседателски кандидати.

Со начинот на известување во вестите, односно предоминантната застапеност на информациите од еден субјект - Македонска алијанса, ТВ Сонце не почитуваше две начела за вршење на дејност од ЗААВМУ:

- За објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, односно член 61 став 1 алинеја 9, и

- За самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, член 61 став 1 алинеја 13.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ СОНЦЕ**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Македонска алијанса | 00:37:02 | 13.01 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:26 | 2.61 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:56 | 1.03 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:56 | 1.03 | % |
| Блерим Река | 00:02:56 | 1.03 | % |
| Други субјекти | 00:39:57 | 14.03 | % |
| Влада на РМ | 00:53:02 | 18.63 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:58 | 3.85 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:01 | 11.95 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:49 | 3.10 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:11 | 7.79 | % |
| Специјално обвинителство | 00:08:48 | 3.09 | % |
| Судство | 00:09:07 | 3.20 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:47 | 5.19 | % |
| СДСМ | 00:05:21 | 1.88 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:15 | 2.20 | % |
| Собрание на РМ | 00:10:49 | 3.80 | % |
| Без субјекти | 00:00:37 | 0.22 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:55 | 0.67 | % |
| АРМ | 00:00:41 | 0.24 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:30 | 0.18 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:36 | 0.21 | % |
| Левица | 00:01:41 | 0.59 | % |
| Беса | 00:00:41 | 0.24 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:41 | 0.24 | % |
| | **Вкупно: 04:44:43** | **100** | **%** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Едно издание на емисијата „Дијалози за Македонија“ имаше дебатен карактер. Дебатираа Тодор Петров и Исмаил Бојда, а предмет на нивна опсервација беа: Преспанскиот договор, промената на името на државата, Референдумот во 2018 година. Емисијата беше петпати репризирана.

***Други информативни емисии***

Емисијата „Јади бурек“ се емитува секој работен ден (и има по две репризни изданија), а 10 од изданијата емитувани во периодот на анализата (од 7 до 31 март 2019 година), беа на актуелни општествено-политички и социјални теми какви што се: примената и резултатите од користењето масло од канабис со примери од граѓани, размената на споменици со Грција, да или не за абортусот, пресудите за крвавиот четврток, дивоградбите на Матка, импресиите од ТВ дуелот меѓу Зоран Заев и Христијан Мицкоски, смртните случаи од грип во земјава, законот за СЈО, новите учебници, пожарите.

Во три изданија на емисијата „Јади бурек“ тема беа Претседателските избори 2019 и во нив се јавуваа гледачи кои коментираа на зададената тема. Едно издание беше целосно посветено на Претседателските избори („*Бојкот на избори да или не?*“), а во другите изданија, изборите и кандидатите беа опфатени како една од темите.

Беа емитувани и 5 изданија на емисијата „Здрава земја“. Двапати беше репризирана емисијата од 3 март, каде во првиот дел беа застапени информации за претседателските избори, за кандидатурата на Стево Пендаровски и за откажувањето на Амди Бајрам, додека во вториот дел имаше разговори за новите упати во „Мој термин“ и проблемите на лицата со хендикеп.

На 10 март, во најавата на изданието на „Здрава земја“, беа прочитани вести за претседателските кандидати и за собирањето потписи, а во емисијата гостуваа и Ана Глигорова, која зборуваше за Законот за извршување и потоа градоначалникот на Општина Кисела Вода Филип Темелковски, кој зборуваше за неговата работа како градоначалник, проблемите кои ги има Општината и нивното решавање. Емисијата беше трипати репризирана.

Информација поврзана со изборите се појави и на 31 март кога, меѓу другите најави, во „Здрава земја“ беше информирано дека кандидатите за претседател дента ќе потпишат Кодекс за фер и демократски избори. Во вториот дел од емисијата гостуваше Петар Талевски, експерт за ПЕН, кој зборуваше за пензискиот фонд, а емисијата финишираше со разговорот со Јана Зенгоска, психолог, на тема „Прирачник за родители и старатели“.

## ТВ ШЕЊА

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок:***

Дневник во 18:55 часот.

Анализирани беа 25 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 37 минути и 37 секунди.

***Начин на известување:***

Во анализираните дневно-информативни емисии се известуваше за: посетата на премиерот Зоран Заев на Тирана, пресудата на обвинетите за предметот „27 април", за други судски процеси, ратификацијата на Протоколот за пристапување на РСМ во НАТО, формирањето Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, епидемијата на мали сипаници, преговорите меѓу власта и опозицијата за законот за СЈО и во тој контекст средбата на Зоран Заев со лидерите на опозициските партии на Албанците во Северна Македонија, активностите на Државната комисија за спречување корупција, на Владата и на Собранието на РСМ.

Претседателските и локалните избори за градоначалник беа присутни малку, и тоа пред сè преку информации за активностите на ДИК околу поднесување на кандидатурите, нивното потврдување, утврдувањето на избирачките листи и сл.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**ТВ Шења**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 02:10:48 | 25.27 | % |
| Специјално обвинителство | 00:17:08 | 3.31 | % |
| Граѓански сектор | 00:16:59 | 3.28 | % |
| ДИК и други органи | 00:38:20 | 7.41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 01:09:21 | 13.40 | % |
| Други субјекти | 00:54:21 | 10.50 | % |
| Без субјекти | 00:06:49 | 1.32 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:39:18 | 7.59 | % |
| СДСМ | 00:17:09 | 3.31 | % |
| Собрание на РМ | 00:19:01 | 3.67 | % |
| Јавно обвинителство | 00:14:32 | 2.81 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:18 | 0.44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:51 | 3.45 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:34 | 0.50 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:15 | 0.24 | % |
| Блерим Река | 00:03:59 | 0.77 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:22 | 1.42 | % |
| Судство | 00:12:20 | 2.38 | % |
| Алтернатива | 00:04:21 | 0.84 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:11:04 | 2.14 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:17 | 0.83 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:19:42 | 3.81 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:48 | 0.15 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:46 | 0.92 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:14 | 0.24 | % |
| | **Вкупно: 08:37:37** | **100** | **%** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Во емисијата „Отворено студио“ реализирани беа 2 интервјуа на актуелни општествено-политички теми: на 20 март со Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација за реформата на јавната администрација, а на 27 март со Нури Бајрами, член на ДКСК, на тема *„Спречување на корупцијата“*.

***Дебати***

Во периодот од 7 до 31 март, во емисијата „Отворено студио“ премиерно беше реализирана една дебата со аналитичарите Зоран Иванов и Тодор Пендаров за средбата Зоран Заев - Христијан Мицкоски. Во емисијата, меѓу друго, се дискутираше и за Претседателските избори.

***Други информативни емисии***

Емитувани беа 4 информативни емисии. Во редовниот термин на информативната емисија “Неделно ретро“, во овој период, медиумот емитуваше пресек од актуелни настани од земјава.

## Сателитска телевизија

# ТВ 24 ВЕСТИ

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 17:00 часот (изданијата на вестите во саботите и неделите беа со поместен почеток поради спортски пренос и тоа: вестите од 9, 16 и 30 март, поради фудбал, беа поместени од 17:30 часот и вестите од 31 март, поради формула, беа поместени од 16:30 часот).

На ТВ 24 Вести беа анализирани 25 изданија на централните вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 13 часа 56 минути и 18 секунди.

***Начин на известување:***

Во вториот извештаен период, помеѓу 7 и 31 март 2019 година, ТВ 24 Вести најчесто известуваше за актуелните дневни социјално-политички теми, новинарски главно обработени низ основните жанровски форми вест, вест во низа и извештај, имаше неколку интервјуа (сопствени или пренесени), неколку репортажни извештаи, а во овој период медиумот повторно иницираше хуманитарни стории за социјално загрозени семејства и лица. Темите од социјалниот, политичкиот или економскиот домен, кои доминираа во централното издание на Дневникот, беа поврзани со лидерската средба Заев – Мицкоски; преговорите меѓу власта и опозицијата за предлог - законот за Јавното обвинителство/СЈО; обвинувањата на ИВЗ кон Владата и изградбата на минарето на џамијата во Охрид; преименувањето на институциите; ратификувањето на Протоколот за пристапување кон НАТО од неколку земји; непотпишувањето на законите од страна на претседателот Ѓорге Иванов; изрекувањето на пресудите за случајот „27 април“ и приведувањето на Митко Чавков; доминантни беа и темите поврзани со проблемите околу дивоградбите на Матка; укинувањето на мораториумот за градба во Општина Центар; надворешната политика и активностите во врска со Договорот од Преспа; пожарите кои беснееја во Струшко и низ Македонија; темите поврзани со работата на Државната комисија за спречување корупција; потоа непотизмот во институциите; забележително време беше отстапено и за темите од областа на судството, земјоделието, здравството, рудниците во Струмичко, а преку репортажи беше известувано и за карневалите во Прилеп и Струмица.

Претседателските избори 2019 во овој извештаен период, за разлика од претходниот, беа помалку застапени, и известувањето се однесуваше на собирањето потписи за поддршка на претседателските кандидати, официјализирањето на претседателските кандидати, нивниот редослед на гласачкото ливче, финансиите на претседателските кандидати за изборната кампања, безбедноста на кандидатите или други технички информации од ДИК и ОБСЕ/ОДИХР околу спроведувањето на изборите.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ 24 Вести**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 02:05:40 | 15.03 | % |
| Претседател на РМ | 00:11:42 | 1.40 | % |
| Влада на РМ | 02:18:05 | 16.51 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:43:50 | 5.24 | % |
| Јавно обвинителство | 00:40:32 | 4.85 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:29:37 | 3.54 | % |
| Специјално обвинителство | 00:10:51 | 1.30 | % |
| Граѓански сектор | 01:16:32 | 9.15 | % |
| Без субјекти | 00:45:02 | 5.38 | % |
| Локална самоуправа | 00:42:29 | 5.08 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:40:41 | 12.04 | % |
| СДСМ | 00:23:52 | 2.85 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:58:48 | 7.03 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:01 | 2.39 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:37 | 0.55 | % |
| Стево Пендаровски | 00:04:46 | 0.57 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:04:43 | 0.56 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:02:04 | 0.25 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:10:14 | 1.22 | % |
| Беса | 00:05:03 | 0.60 | % |
| Собрание на РМ | 00:19:51 | 2.37 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:44 | 1.04 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:38 | 0.08 | % |
| Блерим Река | 00:02:52 | 0.34 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:42 | 0.20 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:03:22 | 0.40 | % |
| | **Вкупно: 13:56:18** | **100** | **%** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Во периодот од 7 март до 31 март 2019, на ТВ 24 Вести емитувани беа 11 емисии со 16 интервјуа (со соодветни репризи), со релевантни гости кои зборуваа на актуелни социјално-политички, економски, безбедносни теми, правосудство и сл.

На претседателските избори беа посветени две од интервјуата во емисијата „Неделно интервју“ и тоа со Оливер Деркоски, претседателот на Државната изборна комисија (31 март); и делумно интервјуто со пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Илија Димовски (10 март).

Во емисијата „Фактор 24“ се разговараше со експерти и релевантни политички личности како Игор Јанушев од ВМРО-ДПМНЕ (во изданието од 7 март), Магдалена Ламбовска, експертка за безбедносни прашања, професорот Миодград Лабовиќ, и новинарите Зоран Ќука и Џелал Незири (во изданието од 14 март), потоа јавната обвинителка Вилма Русковска со која се разговараше за казните на обвинетите од „27 април“ и невропсихијатарот Методи Чепреганов (во изданието од 21 март), за новите предизвици на Државната комисија за спречување на корупцијата во предизборието се дискутираше со Билјана Ивановска, претседателката на Комисијата (24 март), додека за реформите во судството се разговараше со претседателот на Судскиот Совет Зоран Караџовски (емисијата од 28 март).

Во емисијата „24 Анализа“, која во овие изданија беше во формат на интервју, се разговараше со поранешниот министер Никола Тодоров (7 март), во изданието од 21 март гостин беше министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, со кој се разговараше на безбедносни теми, а изданието од 29 март беше посветено на контроверзиите во врска со пожарите на трските во Струга, за што се разговараше со градоначалникот на Струга Рамиз Мерко.

Покрај претходно споменатите изданија на „Неделното интервју“, на 17 март во емисијата се разговараше и со министерот за финансии Драган Тевдовски, на теми поврзани со економијата (растот на економијата и намалување на невработеноста).

***Дебати***

Што се однесува до дебатните емисии, гледачите имаа прилика да погледнат четиринаесет дебати со гости кои го изразуваа своето мислење за политички, економски, социјални теми, правосудство и прашања актуелни во анализираниот период. За темите поврзани со изборите делумно или целосно беа издвоени четири дебати во емисиите „24 Анализа“ во кои дебатираа аналитичарите/експерти Љупчо Зиков, Петар Арсовски и Ристо Никовски (11 март); во изданието од 18 март, кога гости беа Стефан Ѓорѓиевски, претставник на македонската дијаспора од Австралија, политичкиот аналитичар Мерсел Биљали и новинарот Љубиша Николовски, се дискутираше на теми поврзани за дијаспората и претседателските избори; во изданието од 20 март, гости беа професорите/експерти Владимир Божиновски, Ненад Марковиќ и Газменд Ајдини, а се разговараше на теми околу предизборието, кампањата и сл.; додека изданието од 27 март, исто така, беше посветено на предизборието, со поттеми околу кампањата, очекувањата, евентуалниот бојкот на изборите, а гости беа аналитичарите Благојче Атанасовски, Арменд Нухиу и Ненад Јовановиќ.

***Други информативни емисии***

Во дваесет и пет дневниот период на анализата, емитувани беа 32 изданија на актуелно-информативните програми „Во тек“ и „Очи в очи“, контактни емисии со директно вклучување на гледачи кои изнесуваат лични ставови за тековни општествено-политички теми. Во овие емисии, гледачите говореа за актуелни прашања околу новите имиња на институциите, лидерската средба Заев – Мицкоски, неколку емисии беа посветени на теми околу предлог - законот за Јавното обвинителство и СЈО, изрекувањето на пресудите за 27 април, приведувањето на Митко Чавков, повратот на ДДВ, укинување на мораториумот за градба во Општина Центар, теми поврзани со корупцијата и активностите на Државната комисија за спречување корупција, беснеењето на пожари низ Македонија, забраната на книгата на Стојан Андов, непотпишувањето на законите од страна на претседателот Иванов, лошата оценка од германските инвеститори за Владата и слични актуелни прашања. Темите поврзани со Претседателските избори беа фокусирани на неколку аспекти, како рокот за собирањето на потписите за кандидатурите, бројот на претседателските кандидати, очекувањата од кампањата и претседателските избори, финансиите на кандидатите, за кои беа издвоени пет контактни емисии (три изданија на емисијата „Во тек“ и две на „Очи в очи“).

***Белешка:*** На ТВ 24 Вести, вестите од 20 часот и дебатната емисија „24 Отворено“ беа прилагодени за лицата со оштетен слух.